Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 I 14/20), член 28 став 2 точка 5 од Законот за културата („Службен весник на РМ„ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и11/18), како и член 127 став 2 од Колективниот договор за култура ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/20), Директорот на НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје донесе

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së V
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУ
НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRO
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-243/1
01.09. 2020 год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

П Р А В И Л Н И К
за внатрешна организација на НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје

I.Основни одредби

Член 1

Со Правилникот за внатрешна организација на НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје (во натамошниот текст: Музеј), се утврдуваат видот и бројот на службите и одделенијата, нивниот делокруг на работа како и начинот и формата на раководење со организациските единици.

Член 2

Со внатрешната организација на Музејот се обезбедува законско, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите утврдени со закон, други прописи и акти, правилна и законска поделба на процесот на работа, целосна ангажираност на работниците на своите работни места, независност и одговорност при вршење на службените задачи, еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици, делегирање на овластувања и меѓуодделенска соработка (координација).

Член 3

Во Музејот се утврдуваат 3 (три) служби и 9 (девет) одделенија во рамките на службите.

Член 4

Графичкиот приказ на организациската структура на Музејот (органограм) е даден во прилог на овој Правилник.

II.Вид и број на организациони единици

Член 5

Во Музејот се содржани следниве организациони единици:

1. Административна служба,во чиј состав влегува:
   1.1 Одделение за општи-правни работи, човечки ресурси, маркетинг и материјално-финансиски работи.
2. Стручна служба, во чиј состав влегуваат:
   2.1 Одделение за геологија и палеонтологија;
   2.2 Одделение за инвертебрата;
   2.3 Одделение за ентомологија;
   2.4 Одделение за вертебрата;
   2.5 Одделение за орнитологија;
   2.6 Одделение за ботаника;

2.7 Одделение за едукација и библиотека
2.8 Препараторско одделение.
3. Помошно-техничка служба.

III. Делокруг на работа на организационите единици

Член 6

Делокругот на работа на службите е во рамките на нивните одделенија, во остварување на основната дејност на даватели на услуги/носители на дејност, како дејност од јавен интерес со непрофитабилна цел, согласно Законот за културата, односно административно-правни, материјално-финансиски и помошно-технички, согласно Законот за административни службеници.

Член 7

Во рамките на **административната служба** функционира, одделение за административни, општи и правни работи, маркетинг и материјално-финансиски работи.

Во **одделението за административни, општи и правни работи, маркетинг и материјално-финансиски работи** се извршуваат следниве работи и задачи кои се однесуваат на: изработка на документи од општ карактер, ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси на институцијата, следење, проучување, предлагање и подготвување на акти кои се однесуваат на архивското работење на музејот, канцелариско и архивско работење, административно-технички работи за потребите на Директорот и Управниот одбор, следење и проучување на законските прописи и други општи акти од областа на јавните набавки, подготовка и спроведување на постапките за јавни набавки, осмислување и организирање на програмско промотивни активности на музејот и односи со јавност и материјално-финансиски работи.

Член 8

Во рамките на **стручната служба** функционираат:

- одделението за геологија и палеонтологија,
- одделението за инвертебрата,
- одделението за ентомологија,
- одделение за вертебрата,
- одделение за орнитологија,
- одделение за ботаника,
- одделение за едукација и библиотека и
- препараторско одделение.

Во **одделението за геологија и палеонтологија** се вршат работите и задачите кои се однесуваат на: истражување, прибирање, колекционирање, конзервирање, средување на музејски материјали и предмети од областа на геологијата и палеонтологијата, нивна стручна и научна обработка, проучување, заштита, чување, објавување и презентирање на музејски материјали и музејски предмети, изготвување на програми за непосредна заштита на движното културно и природно наследство, подготвување на повремени изложби, реализацијата на постојаната музејска поставка, учество во програмите за едукација и музејски маркетинг.

Во **одделението за инвертебрата** се вршат работите и задачите кои се однесуваат на: истражување, прибирање, колекционирање, конзервирање,

Во **препараторското одделение** се вршат работите и задачите кои се однесуваат на: препарирање и конзервирање на флористичко-фаунистички материјали за потребите на изложбите и депоата, реставраторски работи на музејски предмети и материјали, документирање на препариран материјал, вршење на стручно-ликовно уредување на изложби, ликовно-техничко обликување на музејски изданија, изведување на сликарски работи за потреби на изложбите, соработка со други установи и други работи, согласно прописите.

Член 9

Во **помошно-техничката служба** се вршат работите и задачите кои се однесуваат на: одржување на хигиената во Музејот; физичко обезбедување на Музејот, проверка и контрола на состојбите во сите простории на Музејот, вклучително електрични уреди, лабораториска опрема и др., одржување на музејската зграда и инсталациите во Музејот и друго.

IV. Начини и форми на раководење со делокругот на работа

Член 10

Со службите на установата раководи Директорот на Музејот.

Заради ефикасно работење и целосно остварување на работите и задачите од стручен карактер, директорот формира стручно-научен колегиум

Стручно-научниот колегиум го сочинуваат: Директорот, кустоси, виши кустоси, кустоси советници и други стручни лица во музејот.

V. Преодни и завршни одредби

Член 11

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

Член 12

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје со број 01-318/1 од 12.05.2016 година.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и по усвојување од страна на Управниот одбор на Музејот.

Арх.бр ._____

_____2020 година
Скопје

Директор
Дритон Сулејмани

ПРИЛОГ:

Внатрешна организација (ОРГАНОГРАМ) на НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје

